**Федерација на планинарство на Северна Македонија Mountaineering Federation of North**

11 Октомври 42, 1000, Скопје +389 2 3 165 540
Република Македонија http://www.fpsm.org.mk/
11 Oktomvri 42, 1000, Skopje +389 2 3 165 540
Republic of North Macedonia

Комисијата за планинарски водичи на Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија, согласно член 2, став 4, алинеа 14 од “Правилник за работа на Комисијата за планинарски водичи и регулирање на водичката дејност при Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија” и “Програма за обука на планинарски водичи во зимски услови во Федарацијата за планинаство на На Северна Македонија (Б стандард)”, организира:

# ОБУКА
# за планинарски водичи во зимски услови (Б стандард)

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКАТА**

Организатор на обуките за планинарски водичи во зимски услови (Б стандард), согласно стандардите на UIAA, е Комисијата за планинарски водичи (КПВ) во соработка со Центарот за стручно образование (ЦСО) при Федерацијата за планинарство на Северна Македонија (ФПСМ). Изведувачи на обуката се стручни лица, ангажирани од ФПСМ.

**ТЕК НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

- ФПСМ објавува повик за организирање на обука за планинарски водичи во зимски услови (Б стандард).
- Заинтересираните се пријавуваат на обука за планинарски водичи во зимски услови (Б стандард) со документи кои се наоѓаат на интернет страната на ФПСМ https://www.fpsm.org.mk/%d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%83%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b8-%d0%ba%d0%bf%d0%b2-1/ (Пријава, преглед на акции и здравствена потврда).
- Документите за учество на обука за планинарски водичи во зимски услови (Б стандард), со потребните потписи и печати, треба да се испратат на адресата: Федерација за планинарство на Северна Македонија, Комисија за планинарски водичи, 11-ти Октомври 42а, 1000, Скопје, Република Северна Македонија.

**УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Условите за учество на обуката се наведени во продолжение на овој документ

**ТРОШОЦИ ЗА ОБУКАТА**

Во цената за учество на обука за планинарски водичи во зимски услови (Б стандард) се вклучени: практични задачи, предавања преку интернет, подготовка на документи и вежби за изведба на обуката, повеќедневна теоретско– практична обука, завршен испит, ангажманот на стручните лица, изработка на потврди за учество на обуката, легитимации. Во цената на обуката не се вклучени трошоците за превоз и сместување на кандидатите. Трошоците за учество на обуката треба да бидат подмирени 30 дена пред почетокот на обуката. ФПСМ има право да задржи 50% од вкупната сума за обуката, ако учесникот се откажал 20 дена пред почнување на обуката. За целосно изостанување од обуката КПВ одлучува врз основа на Изјава од пријавениот кандидат испратена до КПВ.

**ОСНОВНА ЛИТЕРАТУРА**

- Статут, правилници и документи на ФПСМ
- „Планинарење– Прирачник– Лето", во издание на ФПСМ.
- „Основи на движење низ планина", Бојан Полак, во издание на ФПСМ.
- „Медицинско санитарен прирачник за алпинисти и планинари", проф. Д-р Јовица Угриновски, во издание на ФПСМ.
- „Безбедно движење низ планините", брошура во издание на ФПСМ.

**Б СТАНДАРД ( планинарење во зимски услови )**

Обуката овозможува стекнување на знаења и вештини неопходни за безбедно водење при зимско планинарење. Содржината и опсегот на стандардот „Зимско планинарење" (Б стандард) е регулиран со упатството „Б стандард – зимско планинарење" кој е составен врз основа на УИАА стандардите. Обуката е наменета за водичи-приправници кои веќе го положиле испитот од програмата за летна обука на планинарски водичи

**УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Задолжителни услови за упис се:

− членство во планинарско друштво кое е член ФПСМ докажано со членска книшка и маркица за тековната година,

− членство во регионалниот огранок,

− завршил летна обука и успешно го положил испитот за А стандардот,

− завршил планинарска школа или искуство стекнато со учество во најмалку десет акции на терени и услови опишани со стандардот Б, во период од три години,

− извештај од извршен преглед на спортска медицина

– плаќање на школарина на организаторот на обуката.
**ОБУКАТА ЗА Б СТАНДАРД ОПФАЌА:**
**Теоретско– практична обука и Завршен испит.**

**Теоретско– практичната обука** за Б Стандард е во траење од 6 дена. Условите за успешно завршување на обуката се:
– посетување на најмалку 70% од предавањата
- учество во најмалку 70% од вежбите на обуката и
- способност за безбедно движење по услови од Б стандардот.

**Завршен испит**
Испитот е конципиран да ги поттикне кандидатите да ги повторат и утврдат основните знаења и вештини. Проверката се врши преку: испитна акција, устен испит и тест.
Услови за полагање на завршниот испит се:
– членство во планинарско друштво кое е член на ФПСМ докажано со членска книшка и маркица за тековната година,
– членство во регионален огранок во тековната година,
– поминати најмногу 24 месеци од завршувањето на општа планинарска школа,
– 10 акции на водење, но не помалку од 4 акции на водење, теренски во услови на Б стандард – како помошник водич (со ментор/лиценциран планинарски водич), и/или вршење на други водички активности (предавања, семинари и сл.), вклучително и вежби за регионалниот огранок, во периодот од завршувањето на обуката до испитот,
– пријавата за полагање на испитот за Б стандард мора да биде во период од 12 месеци од датумот на завршување на обуката за Б стандард

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ**
Оценката од испитот вклучува проценка на способноста на кандидатот самостојно и безбедно да водење на лица по терени и во услови опишани со Б стандардот. При оценувањето на знаењата и вештините на кандидатите се применува следниот систем на оценување:
– **задоволил**: знаењата или вештините се доволни за на кандидатот да му се довери водење на лица по терени и во услови опишани со Б стандардот;
– **не задоволил**: знаењето или вештините не се доволни за да на кандидатот му се довери водење на лица по терени и во услови опишани со Б стандардот.
Успешно положен испит се смета испитот во кој знаењата и вештините на кандидатот во ниту една наставна тема не се оценети со оцена „не задоволил“.

Со успешно полагање на испитот, членот се стекнува:

− потврда за положен испит, диплома од ФПСМ за стекнување на лиценца „планинарски водич“;
− лиценца за планинарски водич;
− легитимација за планинарски водич;
− значка за планинарски водич.

**Термин: Крај на февруари/почеток на март - зависно временските услови**

**Рок за пријавување:  01.02.2026**

**Цена: 10000 денари за обуката и 3000 ден за завршниот испит.**
**Трошокот за превоз и сместување е на товар на кандидатите.**

Федерација на планинарство на Северна Македонија
Комисија за планинарски водичи